## Што да правам ако не го зборувам добро англискиот јазик?

Тимот за палијативна нега е полн со разбирање за вашата култура и јазик. Ве молиме, не двоумете се да побарате преведувач. Можете да користите квалификуван преведувач или член од семејството.

## Каде можам да најдам повеќе информации?

Секој човек е различен и има различни потреби. Важно е да знаете каква нега и поддршка може да добиете и на кој начин.

**www.palliativecare.org.au** се Интернет страниците на здружението Palliative Care Australia. Таму можете да најдете повеќе информации и врски за палијативната нега како и информации за следните извори:

***Национален именик на служби за палијативна нега*** – именик на служби за палијативна нега и нега на крајот од животот низ цела Австралија, кој се наоѓа на Интернет и кој може да се пребарува.

***Факти за морфиум и други опиоидни лекарства*** – информации за фактите и невистините за лекарствата што се користат во палијативна нега.

***Поставувањето прашања може да помогне*** – Помош за лицата кои се консултираат со тимот за палијативна нега (нега на лица со неизлечливи болести) - книшка која ќе ви помогне да ги добиете потребните одговори на вашите прашања.



## Главни контакти

**Националниот телефонски број на Здружението за палијативна нега е: 1800 660 055**

**Palliative Care Australia**
t: 02 6232 4433
e: pcainc@palliativecare.org.au
w: www.palliativecare.org.au

**ACT Palliative Care Society**
t: 02 6273 9606
e: office@pallcareact.org.au
w: www.pallcareact.org.au

**Palliative Care New South Wales**
t: 02 9206 2094 / 0403 669 491
e: info@palliativecarensw.org.au
w: www.palliativecarensw.org.au

**Palliative Care Northern Territory**
e: pcnt@palliativecare.org.au
w: www.nt.palliativecare.org.au

**Palliative Care Queensland**
t: 07 3633 0096
e: enquiries@palliativecareqld.org.au
w: www.palliativecareqld.org.au

**Palliative Care Council of South Australia**
t: 08 8291 4137
e: pallcare@pallcare.asn.au
w: www.pallcare.asn.au

**Tasmanian Association for Hospice and Palliative Care**
t: 03 6285 2514
e: tahpc@intrepidonline.com.au
w: www.tas.palliativecare.org.au

**Palliative Care Victoria**
t: 03 9662 9644
e: info@pallcarevic.asn.au
w: www.pallcarevic.asn.au

**Palliative Care Western Australia**
t: 1300 551 704 / 08 9382 9367
e: pcwainc@palliativecarewa.asn.au
w: www.palliativecarewa.asn.au

Australian Government
Department of Health and Ageing

Palliative Care Australia

Оваа иницијатива ја поддржува Австралискиот државен оддел за здравство и лица во години.

GREY 19215

National Community Education Initiative



# Што е палијативна нега?

*What is Palliative Care?*

**Macedonian**

Palliative Care Australia

## Каков вид на нега може да се добие?

Квалитетната нега на крајот од животот е специјализирана нега и поддршка со која се препознаваат посебните потреби кои ги имаат лицето со неизлечлива болест и неговото семејство и негуватели.

За повеќето лица кои боледуваат од неизлечлива болест ќе се грижат нивните доктори од општа пракса и медицински сестри кои работат во заедницата. Овие здравствени стручни лица добиваат поддршка од специјализирани служби за палијативна нега за да се овозможи најквалитетна нега во согласност со нивните потреби.

Целта е да се подобри квалитетот на животот на пациентите, нивните семејства и негуватели со тоа што им се нуди нега која ги задоволува многуте потреби кои ги имаат пациентите, нивните семејства и негуватели:

- физички (вклучувајќи ублажување на болки и други симптоми)
- емотивни
- социјални
- културни
- духовни.

Намерата е да му се помогне на лицето да живее колку што е можно подобро. Поддршка исто така им се нуди на семејствата и негувателите за да им се помогне да издржат додека пациентот е болен и откако тој/таа ќе почине.

Како лице кое добива нега, пациентот е важен соработник во планирањето на неговата нега и контролирањето на неговата болест. Семејството и негувателите исто така имаат важна улога во оваа област. Кога луѓето се добро информирани, кога учествуваат во донесувањето на одлуки за лекувањето и кога отворено разговараат со нивните доктори и други здравствени стручни лица, тие помагаат нивната нега да биде колку што е можно поефективна.

Планирањето на негата е важен процес за да може да се гарантира задоволувањето на желбите на пациентот во врска со негата. Пациентите треба да разговараат со нивниот доктор и да ги предвидат нивните потреби како што тие се менуваат, со навремено планирање за негата. Исто така, може да биде важно да се разговара за именување на друго лице како застапник кој ќе донесува одлуки.

## Што е специјализирана палијативна нега?

Кај мал број на луѓе може да се појават сериозни или сложени проблеми како што напредува нивната болест. Овие лица може да се упатат во службата за специјализирана палијативна нега каде тим на специјалисти ќе работи на тоа да ги задоволи нивните потреби.

Или, докторот од општа пракса на пациентот може да побара совети од службата за специјализирана палијативна нега во име на пациентот.

## Дали се уште можам активно да се лечам од болеста?

Да – често може да се продолжи со лекувањето наменето да се излечи болеста. Целта на негата е да се одржува квалитетен живот и да се задоволуваат потребите на лицето, семејството и негувателите.

## Кој нуди нега?

Нега може да се добие од повеќе различни здравствени стручни лица, во зависност од:

- потребите на пациентот
- средствата и потребите на семејството и негувателите.

Во негувањето може да бидат вклучени многу здравствени стручни лица и обично тие ќе работат како членови на интердисциплинарен тим. Тимот за нега може да вклучува:

- доктори од општа пракса
- специјалисти и медицински сестри за палијативна нега
- специјалисти – онколози, кардиолози, невролози, доктори за респираторни болести (болести на дишните органи)
- медицински сестри
- здравствени стручни лица од сродни области – аптекари, ерготерапевти, физиотерапевти
- социјални работници
- советници за ужалени лица после загуба на близок
- работници за духовна нега
- доброволци.

## Со кој треба да зборувам за палијативна нега?

За вашите потреби можете да разговарате со вашиот доктор или вообичаениот тим кој ви нуди нега. Исто така, можете да погледнете во National Palliative Care Service Directory (Национален именик за служби за палијативна нега) и да најдете служба која нуди нега во вашата област.

## Каде може да се негувам?

Нега може да се добива во:

- домот
- болница
- старечки дом
- болница за тешко болни лица.

Повеќето лица кои боледуваат од неизлечлива болест претпочитаат да примаат нега во нивниот дом, меѓутоа тоа ќе зависи од многу фактори, вклучувајќи ги:

- природата на болеста
- степенот на поддршка што може да се добие од семејството на лицето и од заедницата
- дали лицето има некој што може да се грижи за него.

## Ако имам болки, како тие ќе се ублажат?

Секое лице што има неизлечлива болест не мора да има болки. Ако пациентите имаат болки, во скоро сите случаи, тие може да се ублажат.

Постојат многу лекарства за контролирање на болките кои може да се примаат на различни начини – во вид на таблети, течност, инјекции, лепенки на кожата. Исто така, постои голем избор на лекарства и други третмани кои може да се комбинираат за повеќе да се ублажат болките.

Некои дополнителни терапии, на пример, масажа, акупунктура или масажа со ароматични средства исто така може да бидат корисни при ублажувањето на болките.